# Политика на приватност

1. Вовед

Правото на приватност и заштитата на личните податоци на корисниците претставува приоритет за Групацијата Дојче Телеком. Начелата за заштита на личните податоци кои се подетално разработени во Задолжителните корпоративни правила за заштита на приватноста на Дојче Телеком се имплементирани во компаниите кои припаѓаат на Групацијата.

2. Главен дел

Македонски Телеком како членка на Групацијата Дојче Телеком, посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за заштита на личните податоци во Република Македонија и стандардите кои постојат во рамките на Групацијата.

Со цел да го промовираме воспоставениот концепт за заштита на приватноста во Македонски Телеком и да го појасниме начинот на кој вршиме обработка на личните податоци на посетитетелите, при нивната посета или регистрација на нашата интернет страница ја изготвивме оваа Политика за приватност.

Оваа Политика на приватност не се однесува на Вашата посета на други интернет страници до кои пристапувате преку нашите интернет страници.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ
## на Македонски Телеком АД - Скопје

### 1. Општи информации за Контролорот на лични податоци и Офицерот за лични податоци

**Контролор:** Македонски Телеком АД -Скопје, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје (во понатамошниот текст Македонски Телеком, МКТ)

**Седиште:** Кеј 13- ти Ноември бр.6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Офицер за заштита на личните податоци на МКТ:**

Македонски Телеком, согласно закон има назначено лице - офицер за заштита на лични податоци кое е овластено да постапува во активности и постапки поврзани со обработка и заштита на лични

Овој документ е интелектуална сопственост на Македонски Телеком АД Скопје. Секое печатење или копирање на истиот е дозволено само за интерна употреба. Валидните верзии на интерните регулативи се во електронски облик и достапни преку Мастер листата на Интерни регулативи на Македонски Телеком АД Скопје.


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци на МКТ може да го контактирате преку следните канали за комуникација:

**Електронска е-мејл адреса:** dpo@telekom.mk

**Телефон:** 02/ 3242-763

## 2. Обем и содржина на оваа Политика

Во оваа Политика можете да најдете информации поврзани со собирање и обработка на лични податоци од физички лица- субјекти на лични податоци кои ги собира, чува и обработува Македонски Телеком АД Скопје и тоа:

- Начела за обработка и заштита на личните податоци
- Категориите на лични податоци кои МКТ ги обработува;
- Целите за кои се врши обработката на личните податоци,
- Правниот основ за обработката на лични податоци;
- Корисниците или категориите на корисници на личните податоци;
- Преносот на личните податоци во трети земји, доколку постои;
- Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци;
- Правата на корисниците како субјекти на лични податоци ги имате при обработката на лични податоци;

## 3. Кој е нашиот пристап кон личните податоци на нашите корисници?

**Македонски Телеком (МКТ)** како контролор на лични податоци, посветува големо внимание на почитување на приватноста и заштитата на личните податоци. МКТ обработува лични податоци кои ги добива од субјектите на лични податоци. Со цел да бидеме доверлив контролор на личните податоци, посветуваме особено внимание на заштитата на личните податоци во секој сегмент на деловните процеси преку имплементација на меѓународните и националните стандарди за заштита на личните податоци.

МКТ е посветен да обезбеди заштита на Вашите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП), подзаконските акти на Агенцијата за заштита на личните податоци, интерните акти на МКТ, при што во своето работење ги применува и насоките и стандардите на Дојче Телеком Групацијата кои се засновани на соодветната европска регулативна рамка за заштита на лични податоци (GDPR).

## 4. Начела за обработка и заштита на лични податоци

Вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на лични податоци во МКТ, имаат обврска да ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци, и тоа:

### 4.1. Законит, фер и транспарентен начин на обработка на личните податоци


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

Личните податоци се собираат и обработуваат исклучиво за цели дефинирани во релевантен закон, исполнување на предмет на договор склучен со МКТ и наплата на реализирани услуги или купени производи, врз основа на добиена согласност за обработка на лични податоци од корисник за цели наведени во истата (на пр. Директен маркетинг) како и при постоење на легитимен интерес.

### 4.2. Ограничување на целта на обработката на личните податоци

МКТ ги обработува личните податоци само за цели кои се потребни за исполнување на законски обврски, исполнување на права и обврски од склучениот договор, наплата на своите побарувања и обработка за цели за кои корисникот дал претходна согласност. Доколку МКТ има легитимен интерес да ги обработува личните податоци за други цели таквата обработка ќе биде предмет на анализа и проценка на влијанието на таквата обработка врз приватноста на корисниците.

### 4.3. Ограничување на обемот на личните податоци

Обработката на личните податоци е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за да се исполни целта на обработката.
Доколку се појави потреба за обработка на дополнителни податоци, МКТ ќе го информира корисникот како субјект на лични податоци за доставување на дополнителни податоци и онаму каде што е неопходно, ќе ја побара негова согласност за таа дополнителна обработка.

### 4.4. Точност на личните податоци

Давањето на вистински, точни и целосни податоци, како и благовремено известување за измените на личните податоци е законска и договорна обврска на корисниците и истото претставува неопходен услов за засновање на претплатнички однос како и за исполнување на правата и обврските што произлегуваат од претплатничкиот договор.

МКТ има законска обврска за водење на точна евиденција на своите корисници и за таа цел спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или неком
плетните лични податоци. Покрај мерките кои ги презема МКТ, секој корисник има право да побара исправка, измена или бришење на неговите лични податоци на лесен и едноставен начин како што е утврдено во точка 10 од оваа Политика.

### 4.5. Ограничување на роковите на обработка на личните податоци

Личните податоци добиени од корисниците врз основа на склучен претплатнички договор или при активација на електронска комуникациска услуга од одредено лице за која не е предвидено склучување на претплатнички договор (при пејд услуги) МКТ ги чува согласно роковите дефинирани во релевантен закон (нпр. Законот за електронските комуникации).
По изминувањето на роковите или по исполнување на целта за обработката, личните податоци се бришат од системот за евиденција на МКТ.
МКТ може да обработува податоци за статистички или други деловни цели и во подолг рок, согласно неговите потреби, но при тоа, таквите податоци се анонимизираат, после што тие податоци не може да се поврзат со конкретен субјект на лични податоци и не содржат никакви лични податоци.

### 4.6. Интегритет и доверливост на личните податоци

МКТ презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање, менување или уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен на лицата кои имаат овластување за обработка на лични


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

податоци согласно описот на работни задачи и за активности потребни за спроведување на законски обврски, исполнување на договор, обработка врз основа на дадена согласност или исполнување на легитимен интерес.

### 4.7. Отчетност

МКТ согласно начелото за отчетност утврдено во ЗЗЛП располага со записи и докази дека се преземени сите потребни мерки за спроведување на погоре наведените начела во пракса, односно дека ги исполнува законските барања за заштита на личните податоци.

## 5. Категории на лични податоци кои се предмет на обработка

МКТ ги собира, чува и обработува личните податоци кои се определени со закон како и податоците потребни за исполнување на предметот на склучениот договор со МКТ (нпр. Обезбедување на услугата за која е склучен претплатничкиот договор и наплата на користените услуги).

### 5.1. Лични податоци за идентификација на субјектот

- име и презиме,
- адреса на живеалиште (вклучително и  адреса за инсталација на опрема и адреса за достава на производи/месечни сметки, доколку се различни од адреса на живеалиште) ,
- единствен матичен број на корисникот (ЕМБГ),
- информации за контакт (електронска пошта, телефонски број)
- професија

**Напомена:** МКТ од своите корисници не собира и не обработува посебни категории на лични податоци како што се податоци за расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице;

### 5.2 Дополнителни податоци потребни за склучување и исполнување на договор

Овие лични податоци МКТ ги добива од субјектите на лични податоци за потребите на склучување на договор или во тек на важење на склучен договор и ги обработува за точно определени цели како што се:

- податоци за проверка на платежна способност (како што се податоци за работен однос или остварено право на пензија, податоци добиени од Македонско кредитно биро врз основа на претходна согласност, платежна историја на сметки во МКТ)
- податоци за извршено плаќање (трансакциска сметка, податоци од платежна картичка која субјектот доброволно ја снимил во соодветна апликација за плаќање итн.)

### 5.3. Податоци за остварен комуникациски сообраќај:

Овој вид на податоци се обработуваат при користење на јавни електронски комуникациски услуги од МКТ заради овозможување и пренос на воспоставената комуникација и наплата на реализираните услуги.

Тука спаѓаат следните типови на податоци:

- податоци потребни за следење и идентификување на изворот на комуникацијата;


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

- податоци потребни за идентификување на дестинацијата на комуникацијата;
- податоци потребни за идентификување на датумот, часот и на времетраењето на комуникацијата;
- податоци потребни за идентификување на типот на комуникацијата;
- податоци потребни за идентификување на комуникациската опрема преку која е остварена комуникацијата;
- податоци за утврдување на локацијата на мобилна комуникациска опрема
- податоци за остварен комуникациски сообраќај преку јавна електронска комуникациска мрежа како на пр. времетраење на повик, број на СМС-пораки, број на остварени повици, количина на интернет сообраќај и број на остварени интернет сесии итн.)

**Напомена:** МКТ не врши собирање, чување ниту обработка на податоци поврзани со содржината на остварената комуникација, која согласно закон е доверлива и тајна. Пресретнување и надзор на содржината на комуникациите може да изврши само надлежен државен орган во постапка предвидена со закон;

## 6. Цели при обработка на лични податоци

6.1. Проверка на платежна способност

Пред склучување на договор со лице кое не е корисник, МКТ може да изврши обработка на лични податоци преку добивање на извештај од овластени субјекти кои вршат обработка на податоци за цели на утврдување на кредитна способност (Македонско Кредитно Биро) за да се утврди платежната способност на тоа лице и типот на услуги кои може да се понудат на тој корисник. Ваква проверка МКТ ја врши врз основа на согласност добиена од субјектот на лични податоци за оваа цел. Исто така, при проверка на платежна способност МКТ може да побара и доставување на потврда за вработување или документ за утврдување на постоење на статус пензионер од конкретно лице кое сака да склучи нов договор за користење на услугите и/или набавка на производи со МКТ или во случај на постоечки корисник, да ги користи податоците со кои располага МКТ за утврдување на платежната способност и навременост во плаќањето на месечните сметки кон МКТ.

Доколку станува збор за постоечки корисник на услугите на
МКТ, пред склучување на договорот МКТ може да изврши обработка на податоците со кои располага во сопствените евиденции поврзани со утврдување на неговата платежна способност, доколку таквите податоци сеуште се чуваат согласно роковите утврдени во соодветни прописи.

Во случај на утврдена ниска платежна способност која не дава гаранции за навремено и целосно плаќање на месечните сметки, МКТ може да препорача користење на услуги по принципот – плаќање однапред (т.е. Припејд услуги) или друг тарифен модел соодветен на платежната способност на субјектот на лични податоци.

6.2. Засновање на претплатнички однос и реализација на договор

Заради исполнување на предметот на договорот склучен со субјект на лични податоци, МКТ ги обработува личните податоци и/или податоците за остварен комуникациски сообраќај за следните цели:

- Инсталација/интервенција на приклучок или опрема за обезбедување на услугата или


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

заради достава на производ

- Обезбедување, односно користење на договорените електронски комуникациски услуги
- Одговор по поднесен приговор/поплака од корисник за висина на сметка или квалитет на услуги
- Обезбедување на услуги на корисничка поддршка, односно грижа за корисници и мерење на задоволството на корисниците
- Исполнување на обврски од издадена гаранција за купен производ
- Наплата на долг согласно месечни сметки за користени услуги
- Известувања кои МКТ ги доставува до свои корисници поврзани со користењето на услугите (на пример, известување за зголемена употреба на услуги, испраќање потсетници за плаќање за услуги, известување дека корисникот е во роаминг, итн.),

6.3 Превентивни активности за заштита од штети и измами

МКТ ги обработува личните податоци на корисниците и податоците за остварен комуникациски сообраќај за да се заштити себе и своите корисници од настанување на штети или спречување на измами кои се однесуваат на:

- Злоупотреба на туѓи лични податоци
- Злоупотреба на услугите или дадениот пристап до комуникациската мрежа на МКТ за цели кои се спротивни на склучениот договор
- Заштита на корисниците од прекумерен и нетипичен обем на сообраќај

6.4 Доставување информации до овластени органи

МКТ ги обработува личните податоци на корисниците и податоците за остварен комуникациски сообраќај за давање на информации по барање на државни органи во рамки на нивните овластувања дадени со закон како нпр. Суд, Јавно обвинителство, државни агенции (АЕК, ДПИ итн.) или за да обезбеди информации на лица со јавни овластувања (адвокати, нотари, извршители) поврзани со водење на соодветна законски предвидена постапка за наплата на долг.

6.5 Обработка на лични податоци врз основа на добиена согласност

Доколку обработката не се врши за потреби на исполнување на законски обврски или исполнување на договор, МКТ може да врши обработка на лични податоци врз основа на добиена согласност од соодветниот субјект на лични податоци.

Ваквата обработка се врши за исполнување на целите за кои е дадена таквата согласност, како што се следните активности:

- ✓ **Директен маркетинг**

Врз основа на оваа согласност МКТ врши обработка на лични податоци (име, презиме, адреса, е-мејл адреса, телефонски број и податоци за комуникациски сообраќај и начин на користење на услугите) за доставување на рекламни содржини, промоции, понуди на производи и услуги од моменталната понуда на МКТ, при што, за исполнување на оваа цел МКТ прави и автоматска обработка на податоци поврзани со одреден корисник, односно профилирање на податоци како што се тарифниот модел што го користи, неговото однесување при користење на услугите по однос на начин на употреба на одредени комуникациски услуги, обем на искористени услуги и сл. Профилирањето поврзано со директен маркетинг МКТ го врши за да може на корисникот да му


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

понуди услуга, дополнителен пакет или тарифен модел кои ќе бидат релевантни за него, односно ќе одговар
а на неговите кориснички потреби, начинот и обемот на употреба на одредени типови на услуги кои ги обезбедува МКТ и ќе му овозможи оптимално искористување на услугите и задоволување на неговите потреби. На пример, доколку корисникот го искористи предвидениот обем на интернет сообраќај вклучен во неговата тарифа, МКТ може да му понуди тарифа со поголем обем на интернет сообраќај или дополнителен интернет пакет со кој ќе може да продолжи да ги користи услугите за пренос на податоци т.е интернет.

Согласноста
за директен маркетинг е незадолжителна, при што корисникот има право да ја повлече во кое било време, на едноставен и бесплатен начин, како што е наведено подолу во Член 6.6.

✓ **Јавен именик**

Врз основа на оваа согласност МКТ ги обработува личните податоци на корисникот – физичко лице (име и презиме, адреса на живеалиште), заедно со неговиот претплатнички број така што истите ги објавува во Јавен телефонски именик, со цел податоците на тој корисник да бидат јавно достапни за да истиот може да биде контактиран.

Согласноста за јавен именик е незадолжителна, при што корисникот има право да ја повлече во кое било време, на едноставен и бесплатен начин, како што е наведено подолу.

✓ **Проверка на платежна способност преку Македонско Кредитно Биро**

Врз основа на оваа согласност МКТ ги обработува личните податоци на корисникот – физичко лице (име и презиме, адреса на живеалиште и ЕМБГ) за да добие извештај за неговата платежна способност од Македонско Кредитно Биро - акционерско друштво кое согласно закон има овластување да собира и обработува податоци за задолженост и редовност во подмирувањето на обврските на физички и правни лица.

МКТ ги користи ваквите податоци за да ја процени платежната способност и кредитната изложеност на одреден корисник при
склучување на нов договор, активација на нова услуга или набавка на одреден производ и врз основа на овие податоци може на корисникот да му предложи алтернативен начин за користење на услугите од МКТ или да одбие продажба на одреден производ на рати, како што е објаснето во Член 6.1.

<u>6.6 Канали за давање и повлекување на согласности</u>

Давањето и повлекувањето на согласностите од страна на поединечен корисник може да се изврши на неколку начини и тоа:

- При склучување на претплатнички договор корисникот се изјаснува за својот избор за побараните согласности и истиот се внесува во системот за евиденција на МКТ, при што избраните вредности (да или не) со соодветен опис на секоја согласност се прикажани во посебен прилог кон договорот.

- Во секое време по склучување на договорот корисникот може да изврши промена, т.е. да даде или повлече одредена согласност преку еден од следните канали:

  1) Преку најава и верификација на корисник на посебен модул на интернет страната на МКТ – telekom.mk до кој може да се пристапи и преку апликацијата Мој Телеком, каде самиот корисник може да ги изврши промените во согласностите според негов избор;

  2) Преку доставување на соодветен формулар во писмена форма објавен на интернет страната на МКТ во најблискиот продажен салон на МКТ или на е-мејл адресата


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

dpo@telekom.mk;

3) Со јавување во Контакт центарот на МКТ на телефонскиот број 122.

6.7 Автоматска обработка на податоци од корисниците – профилирање без дополнителна согласност

Профилирање претставува секоја форма на автоматска обработка на лични податоци заради оценување на одредени лични аспекти, преференци и интереси на одреден субјект на лични податоци.

Покрај автоматската обработка на податоци од корисник за цели на директен маркетинг кое МКТ го прави врз основа на согласност од корисник, како што е опишано погоре, во одредени случаи обработка на лични податоци преку профилирање МКТ прави за да исполни законски обврски нпр. доколку овластен државен орган побара податоци од
МКТ во постапка утврдена со закон или доколку е тоа потребно за да се донесе правилна одлука по приговор од корисник.

Исто така, ваков тип на обработка на податоци се врши и за исполнување на договор склучен помеѓу МКТ како што е обезбедување на договорените услуги кон корисникот или наплата на доспеаните месечни сметки. На пример – за да ве известиме дека ви истекува одреден пакет или дека е искористено одредено количество на сообраќај, за да ве информираме за вашата неплатена сметка или за да ве известиме
дека сте преминале во роаминг, односно дека вашиот мобилен телефон е најавен на странска мрежа.

МКТ во одредени случаи ги обработува податоците на корисниците и врз основа на легитимен интерес и во насока на заштита на корисникот од непотребни трошоци. На пример: - ако корисникот премине во роаминг, го потсетуваме дека има можност за активација на одреден пакет наменет за сообраќај во роаминг, што му овозможува оптимизација на трошоците при користење на услугите во странство, односно во роаминг или анализа на количеството на остварен сообраќај во одредено време (односно брз пораст на количество на соо
браќај) и негово информирање заради заштита на МКТ и на корисникот од измами, злоупотреби или настанување на превисока сметка за корисникот.

## 7. Како ги чуваме Вашите лични податоци?

МКТ има имплементирано соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба. Нашите вработени се обучени да работат во согласност со законските одредби за заштита на личните податоци и интерните акти за заштита на лични податоци и обврзани се истите да ги почитуваат. Секое лице кое има пристап до Вашите лични податоци е обврзано да ја заштитува тајноста на податоците и да постапува според упатствата на МКТ во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на МКТ имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи или ангажман.

Секое овластено лице кое има пристап до Вашите лични податоци потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка.

Личните податоци кои се обработуваат од страна на МКТ се чуваат на сервери кој се наоѓаат во седиштето на МКТ, но и на сервер во земја членка на ЕУ, врз основа на склучени договор

Ниту МКТ, ниту обработувачите, нема да ги проследат Вашите податоци на користење на трети страни, освен ако за тоа има согласност од Ваша страна, постои законска обврска или врз основа на склучениот договор со МКТ.


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

## 8. Пренос на лични податоци во странски земји

Имајќи предвид дека МКТ е дел од Групацијата Дојче Телеком, личните податоци на корисниците може да се пренесуваат во некоја од компаниите во рамки на Дојче Телеком Групацијата заради обезбедување на технички услуги или ресурси. Исто така заради реализирање на одреден деловен однос поврзан со обезбедувањето на услугите кон корисниците може да се случи да ангажираме обработувачи на лични податоци кои се наоѓаат надвор од територијата на Република Северна Македонија (на пр. производители и одржувачи на софтверски решенија кои ги користи МКТ или мерење на задоволството на корисниците и сл.). При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија.
Доколку преносот се врши во земји надвор од Европската Унија или Европскиот економски простор, преносот ќе се изврши само доколку се исполнети законските услови за дозволеност на истиот.

## 9. Обработка на лични податоци од трети страни

Сите трговски друштва кои се партнери на МКТ и кои во рамки на нивниот ангажман и деловен однос обработуваат лични податоци од корисниците на МКТ се обврзани на примена на соодветни технички и организациски мерки со кои се обезбедува заштита на личните податоци и со секој партнер МКТ има склучено соодветен Договор каде што е утврдена целта и начинот на обработката на личните податоци како и кои лични податоци тој партнер може да ги обработува.
(на пример – за да можеме да ви го доставиме производот кој сте го порачале онлајн, или да обезбедиме инсталација на потребната инфраструктура и опрема во вашиот дом, или за да ви ја доставиме месечната сметка, или да ве потсетиме дека истата не е платена или да започнеме постапка за присилна наплата).

## 10. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци ги чуваме во рокови пропишани со закон и со нашите интерни акти, во временски период колку што е потребно за да се исполнат соодветните цели.

- Личните податоци на корисниците кои се внесени во системот за евиденција на МКТ врз основа на склучен претплатнички договор (Постпејд услуги) се чуваат во текот на целото времетраење на претплатничкиот однос и во период од уште една година од денот на издавањето на последната месечна сметка (фактура) на корисникот за обезбедените услуги, односно престанок на претплатничкиот однос.

- Лични податоци на корисници кои се внесени во системот за евиденција на МКТ врз основа на користење на Припејд услуги без склучување на претплатнички договор се чуваат во текот на целото времетраење на важноста на СИМ картичката и една година од кога е направена деактивација на СИМ картичката.

- Податоците за остварен комуникациски сообраќај се чуваат за период од 12 месеци од датумот на извршената комуникација, со цел да се овозможи достапност на овие податоци заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија, како и за поведување на постапка за присилна наплата на долг.

- Податоците за издадени месечни сметки се чуваат во рок од 10 години по истек на годината во која се издадени.

По истекот на роковите за чување, личните податоци се бришат од евиденција. Во одредени


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

случаи и за одредени типови на податоци можно е наместо бришење МКТ да направи анонимизација на личните податоци до ниво кое оневозможува поврзување на податоците со било кој корисник односно субјект на лични податоци, со што престанува и обработката на лични податоци. Таквите анонимизирани податоци МКТ може да ги користи за подготвување на деловни анализи или за статистички цели (нпр. За планирање на мрежа, предвидува
ње на волумен на сообраќај итн.)

**Напомена:** Ве молиме земете предвид дека и покрај исполнување на горенаведените услови не ги бришеме Вашите лични податоци доколку:

- имате неподмирен долг врз основа на претплатнички договор за кој е поведена постапка за присилна наплата на побарување и истите ги обработуваме до завршување на постапката за наплата на долгот.
- Имате поднесен приговор во законскиот рок, се до конечно завршување на постапката по приговор во согласност со важечките прописи.
- водење на друг тип на судска постапка, се до нејзино правосилно завршување.

## 11. Кои се Вашите права?

Под одредени услови утврдени со закон, имате право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката, преносливост на вашите лични податоци, право на приговор, право да не бидете предмет на одлука заснована на автоматска обработка на податоци, право на повлекување на согласноста. Овие Ваши права произлегуваат од ЗЗЛП.

| | |
|---|---|
| **Право на информирање** (член 17 и 18 од ЗЗЛП) | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни. |
| **Право на пристап** (член 19 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас.<br><br>Формуларот на Барањето за пристап до лични податоци е објавен на следниот линк |
| **Право на исправка** (член 20 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци.<br><br>Формуларот на Барањето за исправка на личните податоци е објавен на следниот линк |
| **Право на бришење** (член 21 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста за обработка; ако податоците биле незаконски обработувани; ако приговарате на обработката или заради почитување на законската обврска за бришење на податоците кога веќе не постои правна основа за обработка.<br>Формуларот на Барањето за бришење на личните податоци е објавен на следниот линк |


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

| | |
|---|---|
| **Право на ограничување на обработката**<br>(член 22 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката на личните податоци: ако ја оспорувате точноста на личните податоци, во периодот додека не ја потврдиме нивната точност; ако сметате дека обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето или ако податоците ви се потребни за остварување на правни барања.<br><br>Формуларот на Барањето за ограничување на обработката на личните податоци е објавен на следниот линк |
| **Право на преносливост на податоците**<br>(член 24 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога се врши обработка на лични податоци врз основа на согласност или договор и кога обработката се врши со автоматизирани средства.<br><br>Формуларот на Барањето за преносливост на личните податоци е објавен на<br>следниот линк |
| **Право на приговор**<br>(член 25 од ЗЗЛП) | Врз основа на Ваш приговор, ќе ја запреме обработката на податоците ако правна основа за нивна обработка е нашиот легитимен интерес или статистички цели, под услов ако вашето право на приватност преовладува над нашите интереси и цели.<br><br>Формуларот на приговорот е објавен на следниот линк |
| **Право на повлекување на согласноста**<br>(член 11 од ЗЗЛП) | Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е дадена согласност, ќе престанеме да вршиме нивна обработка за целите за кои е дадена согласноста, доколку истата биде повлечена.<br>Дадените согласности може да се повлечат во секое време, бесплатно преку еден од каналите наведени во точка 6.6 од оваа Информација.<br><br>Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката на лични податоци која се вршела врз основа на согласноста пред нејзиното повлекување.<br><br>Формуларот на Изјавата за давање или повлекување на согласност е објавен на следниот линк |

Македонски Телеком АД Скопје ќе Ви достави информација за преземените активности врз основа на Ваше барања без непотребно одложување и согласно утврдените рокови во Законот за заштита на личните податоци.

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на МКТ, не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

Барањето можете да го преземете на следниот линк:

https://www.dzlp.mk/sites/default/files/u4/baranje_za_utvrduvanje_na_prekrsuvanje_na_zzlp.docx

## 12. Објавување и промена на оваа Политика за приватност

Оваа Политика за приватност на личните податоци МКТ може да ја менува и надополнува, по потреба или при промена на законски одредби.

Важечката верзија на Политиката за приватност секогаш ќе биде објавена и јавно достапна на интернет страната на Македонски Телеком АД Скопје – www.telekom.mk.

## 3. Завршен дел

Оваа Политика стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува по нејзиното објавување на порталот на МКТ. Со тоа престанува да важат претходната врзија од POL 008 Политика за приватност и Водич за заштита на лични податоци донесени на 6.12.2024.

### 3.1. Референци

- Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на личните податоци(„Службен весник на Република Северна Македонија бр. 294/21)

### 3.2. Дефиниции и кратенки

| Дефиниции/Кратенки | Опис |
|---|---|
| / | / |

### 3.3. Додатоци

| | Код | Име на документот | Начин/Место на чување | Време на чување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | POL 008/A1 Водич за заштита на лични податоци | Водич за заштита на лични податоци на МКТ | електронски/ Мастер Листа | Согласно валидноста на оваа политика |
| 2 | POL 008/A2 Политика за приватност за мобилни апликации | Политика за приватност за мобилни апликации | електронски/ Мастер Листа | Согласно валидноста на оваа политика |
| 3 | POL 008/A3 Политика за колачиња | Политика за колачиња | електронски/ Мастер Листа | Согласно валидноста на оваа политика |

Политиката за приватност на веб страницата ќе се објави во прилагодена форма за јавна употреба (од стр. 2 почнувајќи од насловот на Политиката до стр.12 заклучно со делот Завршни одредби),


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани

без додатоците од структурата за контрола и квалитет на документацијата .

Одобрил:

Главен Извршен директор

Никола Љушев


Македонски Телеком АД Скопје, сите права се резервирани